# Е - МАПАС
## бр. 44

## јануари 2023 година

http://MAPAS.MK

http://www.instagram.com/mapas.mk

http://www.linkedin.com/mapas.mk

http://www.facebook.com/MAPAS.MK

# Средства на пензиските фондови

Пензиското друштво е должно, средствата на пензискиот фонд да ги инвестира во согласност со законските и подзаконските одредби и со својата инвестициска стратегија. Согласно регулативата се дефинирани инвестициските цели и принципи, видовите на инструменти во кои можат да се вложуваат средствата на пензиските фондови, условите што треба да ги исполнуваат регулираните секундарни пазари на капитал, каде што се тргува со средствата на пензиските фондови, квалитетот на инструментите во кои може да се инвестираат средствата на пензиските фондови, држави или групи на држави во кои може да се инвестираат средствата, инвестициските ограничувања во рамките на инструментите и издавачите, забранетите инвестиции, надминување на инвестициските ограничувања, итн.
Средствата на пензиските фондови ги сочинуваат од уплатените придонеси и приносите од инвестираните придонеси на членовите и на пензионираните членови, намалени за наплатените надоместоци. Инвестиционите цели се определуваат во

"Ти си одговорен за твојата финансиска едукација"
Robert Kiyosaki

"Образованието е предуслов за напредок, во секое општество, во секое семејство."
Kofi Annani



стратешките документи за инвестирање – инвестициона стратегија и документ за начинот на примена на инвестиционата стратегија (инвестициона тактика). Остварувањето на инвестициските резултати на капитално финансираните и приватните пензиски планови се главен двигател на растот на пензиските средства.

## Инвестициона стратегија

Пензиското друштво кое управува со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд треба да има документ за инвестициона стратегија. Инвестиционата стратегија е документ за инвестирање на средствата во различни видови финансиски инструменти со цел обезбедување највисок принос на пензискиот фонд земајќи ги во предвид целите, толеранцијата на ризикот, инвестицискиот хоризонт во интерес на членовите и на пензионираните членови на пензискиот фонд.

Инвестиционата стратегија особено треба да ги содржи основите за анализи кои опфаќаат поставување на планиран принос на пензиски фонд за временски период кој соодветствува на временскиот период во кој еден член со просечна возраст на пензискиот фонд ќе членува во фондот и имајќи го предвид нивото на трошоци за живот.





Во документот за инвестициона стратегија треба да се наведе како ќе се управува со ризиците кои се поврзани со постигнување на планираниот принос и стратешкото инвестирање на средствата, методите за мерење на инвестиционият ризик, процесите за управување со ризици кои ќе се применуваат за да се постигне планираниот принос и следење на начинот на неговото остварување.

Пензиските фондови се долгорочни инвеститори и поради тоа инвестиционата стратегија е долгорочен документ кој се однесува на период од најмалку седум години и треба да се ревидира најмалку еднаш на секои три години или секогаш кога претпоставките на кои се заснова се промениле. Инвестиционата стратегија треба да е напишана на јасен и едноставен начин.

Првата фаза од инвестициониот процес опфаќа истражување и анализа на макроекономското опкружување, економиите, пазарите на капитал на глобално, регионално и локално ниво поддржано со соодветни анализи за клучните индикатори кои се важни за инвестирањето.

Втората фаза се карактеризира со планирање, развој и креирање на стратегијата за инвестирање како основа за инвестирањето на средствата на пензиските фондови.

генерална рамка на процедурите за управување со средствата на пензискиот фонд;

инвестициски цели на пензискиот фонд;

Инвестиционата стратегија треба да содржи:

стратегиска распределба на средствата на пензискиот фонд;

инвестициски ризици и процеси за управување со ризиците

следење, контрола и оценување на примената на инвестиционата стратегија

Инвестициона тактика

Трета фаза или фазата на имплементација се карактеризира со реализација на инвестиционата стратегија односно планот за распределба на средствата на пензиските фондови. За таа цел најмалку еднаш годишно, пензиското друштво за секој пензиски фонд со кој управува, изготвува документ за начинот на примена на инвестиционата стратегија (инвестициона тактика). Тактичката распределба на средствата ја претставуваат краткорочната (едногодишната) дивијација од стратешката алокација и се определува врз основа на краткорочните и среднорочните очекувања за движењето на финансиските пазари и одделни класи на финансиски инструменти. Овој документ ги вклучува стратешкото инвестирање (селекцијата на инструменти и алокација на средствата на пензиските фондови) во секоја класа на средства, интерните ограничувања за инвестирање и изложеноста на ризиците. Доколку се оцени потреба, може да се направи измена/ревизија на овој документ во период пократок од една година.

При изработката на овие стратешки документи, како и при инвестирањето на средствата на пензиските фондови се земаат во предвид исполнувањето на фидуцијарната должност, интерни правила процедури и ограничувања, Кодекс на етика и стандарди за професионално однесување и принципи на инвестирањето кои се определени со регулативата како и интерните ограничувања за инвестирање.

## *НОВОСТИ*

### Денови на финансиска писменост

Од 23-ти до 25-ти ноември 2022 година се одржа шестото издание на Деновите на финансиската писменост коишто ги организираат финансиските регулаторни институции, во соработка со приватниот финансиски сектор.

За Деновите на финансиска писменост, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување МАПАС и пензиските друштва беа фокусирани на активности за подигање на свесноста кај граѓаните и фирмите за доброволното пензиско осигурување или познато како трет пензиски столб. За таа цел заеднички беа организирани едукации во повеќе фирми во државата, каде менаџментот и вработените одблиску се запознаваа со можностите и бенефитите од долгорочно штедење во доброволен пензиски столб. Некои од фирмите во кои се организираа едукативни презентации беа: Bella, Алфиби, Кожувчанка, Витаминка, БТС АРТ Фактори, Таб Мак во Пробиштип, ЦАГАТАЈ - Скопје и Македонска радио дифузија-Скопје.

Преку веб страната на МАПАС овозможен е и побрз и постојан увид на бројот на членови и вкупниот износ на нето средствата во задолжителните и во доброволните пензиски фондови. Меѓу новите функционалности на интернет страницата е можноста за дигитално поднесување на изјави и барања, како и можност за дигитално пријавување на неправилности до МАПАС.

Целта на овие активности е да се зајакне финансиската едукација, да се поттикне финансиската инклузија и да се зголемат свесноста и заштитата на нашите сегашни и идни членови на пензиските фондови.




## Комитет за финансиска стабилност: Финансиската стабилност е задржана

Финансискиот систем во земјава е стабилен, и покрај продолжената ескалација на геополитичките тензии создадени со воената инвазија на Русија врз Украина, како и глобалните предизвици поврзани со енергетската криза и високите стапки инфлација. Сепак, во услови на зголемена неизвесност уште повеќе е нагласена потребата за темелна процена на ризиците, соодветно управување со ризиците и натамошно градење капитал заради обезбедување поголем капацитет на финансиските институции за апсорпција на ризици. Надлежните регулатори координирано ги следат состојбите и се подготвени брзо да делуваат, да ги приспособуваат политиките во согласност со случувањата и да ја задржат финансиската стабилност којашто е приоритет.

Ова се дел од констатациите од седницата на Комитетот за финансиска стабилност, на којашто се разгледаа најновите движења во финансискиот сектор.

Со седницата претседаваше гувернерката на Народната банка, Анита Ангеловска-Бежоска, а учествуваа и министерот за финансии, Фатмир Бесими, претседателката на Комисијата за хартии од вредност (КХВ), Нора Алити, претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС), Максуд Али и претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурувањето (АСО), Крсте Шајноски.



Претседателот на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС, Максуд Али, истакна дека тековните глобални состојби како пандемијата, енергетската криза, воениот конфликт, порастот на стапката на инфлација и движењата на финансиските пазари се препознаени како од МАПАС, како регулатор и супервизор, така и од пензиските друштва како носители на процесот на инвестирање, односно управување со средствата на пензиските фондови.

***Имате прашања или поплаки?***
***Јавете се во МАПАС или напишете порака на contact@mapas.mk***

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
TÜV NORD CERT GmbH ISO/IEC 27001

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ (МАПАС)

Стив Наумов 100, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел: (02) 3224 229;3166 452
www.mapas.mk